АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА РАБОТА ЗА 2021 ГОДИНА

1. ПРОГРАМИ

Преглед на програмите и потпрограмите на АПРЗ и нивна поврзаност со приоритетите и целите на Владата и приоритетите и целите на АПРЗ.

1.1. ПРОГРАМА: СОВЕТИ

Поврзаност со приоритетите и приоритетните цели на Владата во 2021 година:

Стратешки приоритет на Владата: Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на животот на граѓаните.

Приоритетни цели на Владата:

- креирање на систем на одржливо и конкурентно земјоделско производство, подготвено и прилагодено кон глобалните климатски промени и заедничката земјоделска политика со Европската Унија;
- обезбедување доволни количини квалитетна и безбедна храна за потребите на домашните потрошувачи и создавање производи со додадена вредност и пласман на странските пазари;
- обезбедување на висок степен на здравствена заштита и благосостојба на животните;
- воспоставување на интегриран и функционален систем за подобро знаење и поддршка на иновациите во земјоделството со фокус на истражувањето, трансферот на напредна технологија и дигитализација;
- промовирање на вработувањето, социјалната вклученост и развојот на руралните средини со поттикнување на младите земјоделци и олеснување на земјоделските и неземјоделските бизниси;
- подобрување на реализацијата на средствата од претпристапната помош на Европската Унија за рурален развој;

- унапредување на родовата еднаквост во сите области од општественото живеење и вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките и буџетите.

Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на АПРЗ:

- зголемување на конкурентната и продуктивноста на ЗП преку обезбедување квалитетни СУ за зголемен принос и квалитет на земјоделските производи;
- заштита на животната средина преку правилна примена на добри земјоделски практики;
- унапредување на родовата еднаквост преку обуки за економско јакнење и подигање на свеста кај руралната жена за нејзината улога во земјоделството;
- обезбедување на информации и техничко-административна помош на барателите за користење на финансиска поддршка од Програмата за рурален развој (ПРР);
- обезбедување на информации и техничко-административна помош на барателите за користење на финансиска поддршка од ИПАРД програмата;
- поддршка и помош на корисниците во изработка на деловни планови, технички предлог проекти, инвестициони и други програми.

Цел на програмата СОВЕТИ: Организирање и обезбедување на советодавни услуги во пазарно ориентирани и рурални средини од аспект на оптимално искористување на расположивите ресурси преку одржлив земјоделски развој, заштита на животната средина и поддршка при аплицирање во користење на предпристапни фондови и владини програми.

ПОТПРОГРАМА 1: Специфични СУ

Цел на потпрограмата: Организирање и обезбедување на советодавни услуги по специјалности за ЗС

ПОТПРОГРАМА 2: Поддршка на корисниците во мерките за финансиска поддршка

Цел на потпрограмата: Учество во спроведување на Националната Програма за РР, ИПАРД Програмата и мерки од други јавни повици

ПОТПРОГРАМА 3: Поголема застапеност на родовата рамноправност на жените во руралните средини

Цел на потпрограмата: Подигање на свеста кај руралната жена за нејзината улога во земјоделството

1.2. ПРОГРАМА: ФАДН

Поврзаност со приоритетите и приоритетните цели на Владата во 2021 година:

Стратешки приоритет на Владата: Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на животот на граѓаните.

Приоритетни цели на Владата:

- креирање на систем на одржливо и конкурентно земјоделско производство, подготвено и прилагодено кон глобалните климатски промени и заедничката земјоделска политика со Европската Унија

Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на АПРЗ:

- прибирање на сметководствени податоци;
- внес на сметководствени податоци во базата.

Цел на програмата ФАДН: Спроведување активности согласно Законот за ФАДН.

ПОТПРОГРАМА1: Сметководствени податоци

Цел на потпрограмата: Спроведување активности согласно Законот за ФАДН за прибирање на податоци од репрезентативни фарми.

1.3. ПРОГРАМА: ИНСТИТУЦИОНАЛНО ЗАЈАКНУВАЊЕ

Поврзаност со приоритетот и приоритетните цели на Владата во 2021 година:

Стратешки приоритет на Владата: Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на животот на граѓаните.

Приоритетни цели на Владата:

- ефективно, ефикасно и инклузивно креирање политики стручна, професионална и департизирана администрација и одговорно, отчетно и транспарентно работење на институциите;

- дигитална трансформација при испораката на услугите за граѓаните и бизнисите, развивање механизми за воспоставување на модерни технологии 5G технологии и развој на NGA ифраструктура

Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на АПРЗ:

- зголемување на институционалните капацитети преку имплементација на препораките од Функционалната анализа;
- зајакнување на интерната и екстерната соработка и координација во функција на унапредување на квалитетот во работењето;
- институционално зајакнување преку навремена подготовка и спроведување на Стратешкиот и Годишниот план за работа, Годишниот план за вработување, Годишниот план за обуки, Годишниот план за ИКТ, Годишниот план за финансиско управување и контрола, Годишната стратегија за управување со ризици, Годишниот план за евиденција и реализација на режиските трошоци, Годишната програма за јавни набавки, Годишната програма за внатрешна ревизија, оценување и известување за постигнатите резултати;
- одржување на постоечката ИКТ инфраструктура и нејзина надградба преку обезбедување на интегрирани софтверски решенија во функција на дигитализација на работните процеси;
- следење и контрола на квалитетно спроведување на ИСО стандардите.

Цел на програмата ИНСТИТУЦИОНАЛНО ЗАЈАКНУВАЊЕ: Подобрено управување, развој, следење и евалуација на човечките ресурси и менаџментот на сите нивоа на управување.

ПОТПРОГРАМА 1: Зајакнување на административниот капацитет

Цел на потпрограмата: Оптимизација на работните процеси и развој на човечките ресурси

ПОТПРОГРАМА 2: Надградба на ИКТ системот

Цел на потпрограмата: Зголемена ефективност и ефикасност на работните процеси

ПОТПРОГРАМА 3: Формално - правна консолидација и имплементација

Цел на потпрограмата: Спроведување на законски и подзаконски акти

2. ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

Извештај за постигнатите резултати

2.1. Оценка на постигнати резултати од спроведувањето на програмите и потпрограмите

<table>
<tr><td>Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:

Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа:</td><td colspan="2">Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на животот на граѓаните.
- креирање на систем на одржливо и конкурентно земјоделско производство, подготвено и прилагодено кон глобалните климатски промени и заедничката земјоделска политика со Европската Унија;
- обезбедување доволни количини квалитетна и безбедна храна за потребите на домашните потрошувачи и создавање производи со додадена вредност и пласман на странските пазари;
- обезбедување на висок степен на здравствена заштита и благосостојба на животните;
- воспоставување на интегриран и функционален систем за подобро знаење и поддршка на иновациите во земјоделството со фокус на истражувањето, трансферот на напредна технологија и дигитализација;
- промовирање на вработувањето, социјалната вклученост и развојот на руралните средини со поттикнување на младите земјоделци и олеснување на земјоделските и неземјоделските бизниси;
- подобрување на реализацијата на средствата од претпристапната помош на Европската Унија за рурален развој;
- унапредување на родовата еднаквост во сите области од општественото живеење и вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките и буџетите.

- зголемување на конкурентната и продуктивноста на ЗП преку обезбедување квалитетни СУ за зголемен принос и квалитет на земјоделските производи;
- заштита на животната средина преку правилна примена на добри земјоделски практики;
- унапредување на родовата еднаквост преку обуки за економско јакнење и подигање на свеста кај руралната жена за нејзината улога во земјоделството;
- обезбедување на информации и техничко-административна помош на барателите за користење на финансиска поддршка од Програмата за рурален развој (ПРР);
- обезбедување на информации и техничко-административна помош на барателите за користење на финансиска поддршка од ИПАРД програмата;
- поддршка и помош на корисниците во изработка на деловни планови, технички предлог проекти, инвестициони и други програми.</td></tr>
<tr><td>Назив на програмата/потпрограмата:
<u>ПРОГРАМА 1:</u> СОВЕТИ</td><td>Цел на програмата/потпрограмата:</td><td>Одговорен:
Сектор за земјоделство и рурален развој</td></tr>
</table>

ПОТПРОГРАМА 1: Специфични СУ **ПОТПРОГРАМА 2: Поддршка на корисниците во мерките за финансиска поддршка** **ПОТПРОГРАМА 3: Поголема застапеност на родовата рамноправност на жените во руралните средини**	**Организирање и обезбедување на советодавни услуги во пазарно ориентирани и рурални средини од аспект на оптимално искористување на расположивите ресурси преку одржлив земјоделски развој, заштита на животната средина и поддршка при аплицирање во користење на предпристапни фондови и владини програми.** - Организирање и обезбедување на советодавни услуги по специјалности за ЗС - Учество во спроведување на Националната Програма за РР, ИПАРД Програмата и мерки од други јавни повици - Подигање на свеста кај руралната жена за нејзината улога во земјоделството	

СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

Мерка/активност	Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво	Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата	Коментар
Мерка: Совети по специјалност **Активност:** Совети (растително) **Активност:** Совети (сточарство)	Воспоставување на соработка со 40 ЗС на ниво на советодавец. - совети кај 1.180 ЗП (растително) - одржани 290 трибини (растително) - совети кај 560 ЗП (сточарско) - одржани 140 трибини (сточарско)	Обезбедени СУ по специјалност на **3.498 ЗС** од 85 советодавци од кои: - СУ од растително производство на **2.604 ЗС** од 55 советодавци: o информации на 204 ЗС и o совети на 2.400 ЗС. - СУ од сточарско производство на **894 ЗС** од 26 советодавци: o информации на 180 ЗС и o совети на 714 ЗС. - Од вкупниот број на корисници 15% се жени.	Недоволен број на советодавци во однос на бројот на корисници на советодавни услуги. Непостојаност на извршители поради вработување на советодавци од времен карактер со ризик од променлив континуитет. Поради пандемијата со COVID-19 теренските активности беа намалени, а трибините како масовни настани не се одржаа.

	- 10% застапеност на родовата еднаквост	Со оваа Мерка/Активност резултатите и целите на Програмата се исполнети.	Потребна е дигитализација на Системот за евиденција и следење на активности со цел следење, обработка и анализа на податоците.
Мерка: Вкрстена сообразност **Активност:** Усогласеност со ДЗП и ЗЖС	Правилник за листа на посебни минимални услови за ДЗП и ЗЖС. Едукација на ЗС согласно доставен список од АФПЗРР. - број на едуцирани ЗС согласно доставена листа од АФПЗРР - совети кај 1.800 ЗС за ДЗП и ЗЖС - спроведени 90 трибини за ДЗП и ЗЖС)	- Извршена едукација на 97 ЗС согласно доставен список од АФПЗРР. - Извршено советување на 463 ЗС - Дадени информации на 298 ЗС Планираниот резултат е исполнет со 27%.	Недоволен број на советодавци во однос на бројот на корисници на советодавни услуги. Поради пандемијата со COVID-19 теренските активности беа намалени, а групните јавни средби не се одржаа.
Мерка: Административна поддршка на корисниците во мерките за финансиска поддршка **Активност:** Поддршка за ПРР **Активност:** Поддршка за ИПАРД **Активност:** Поддршка за др. јавни повици	Активности условени од објавување на јавни повици од страна на АФПЗРР и МЗШВ. - дадени информации на 1.800 ЗС - обезбедена техничко-административна поддршка на 1.800 ЗС - обезбедена поддршка на секој заинтересиран корисник	- Обезбедени СУ за **ПРР** на **2.394** корисници: o Информирани 1.570 корисници, o Обезбедена административна поддршка на 824 корисници. - Обезбедени СУ за **ИПАРД** на **1.939** корисници: o Информирани 1.538 корисници, o Обезбедена административна поддршка на 401 корисници - Обезбедени СУ за **др. ЈП** на **3.114** корисници: o Информирани 1.402 корисници, o Обезбедена административна поддршка на 1.712 корисници **Вкупно обезбедени СУ за финансиска поддршка на 7.447 корисници.** Планираниот резултат е исполнет. Резултатите и целите на програмата / потпрограмата се постигнати.	Активност условена од објавување на јавни повици од страна на АФПЗРР. Услужен секој барател кој побарал СУ за финансиска поддршка од програмите и мерките Нема можност да се измери опфатот на информираност преку настап и објави во електронски и печатени медиуми, како и социјални мрежи. Поради пандемијата со COVID-19 теренските активности беа намалени, а групните јавни средби не се одржаа.
Мерка: Организирање на обуки и пренос на знаење за родова еднаквост	Координативна група за родова еднаквост. - организирани 20 информативни средби	- Реализирани 2 информативни средби со опфат на 13 жени.	Поради пандемијата со COVID-19 теренските активности беа ограничени, а групните јавни средби се одржаа во намален обем.

Активност: Информативни средби за родова еднаквост **Активност:** Едукација на групи жени	- организирани 5 обуки	- Реализирани 2 обуки за едукација на групи жени. Планираниот резултат не е исполнет.	Слаба посветеност на Координативната група за родова еднаквост.
ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ			
Мерка/активност	**Образложение**	**Влијание**	**Препорака**

Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата: **Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа:**	**Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на животот на граѓаните** - **креирање на систем на одржливо и конкурентно земјоделско производство, подготвено и прилагодено кон глобалните климатски промени и заедничката земјоделска политика со Европската Унија.** - прибирање на сметководствени податоци; - внес на сметководствени податоци во базата.	
Назив на програмата/потпрограмата: **<u>ПРОГРАМА 2:</u> ФАДН** **ПОТПРОГРАМА 1: Сметководствени податоци**	**Цел на програмата/потпрограмата:** **Спроведување активности согласно Законот за ФАДН.** - Спроведување активности согласно Законот за ФАДН за прибирање на податоци од репрезентативни фарми	**Одговорен:** Раководител на сектор за земјоделство и рурален развој

СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ			
Мерка/активност	**Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво**	**Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата**	**Коментар**
Мерка: Евиденција на сметководствени податоци **Активност:** Прибирање податоци од ЗС	Закон за ФАДН, Склучен Годишен договор со МЗШВ, Постоечки софтвер за ФАДН. - реализирани 4 посети	Прибрани се податоци од 810 ЗС, кој број е утврден согласно Годишниот договор со МЗШВ. На почетокот на 2021 година внесени се податоците прибрани во 2020 година од 774 ЗС.	Недоволен број на советодавци поради што не може да се зголеми опфатот на репрезентативни фарми. Според методологијата податоците прибрани на годишно ниво се

Активност: Внес на податоци во софтвер	- прибрани податоци од 774 дефинирани ЗС - внесени податоци во софтвер	Целта на Програмата/Потпрограмата во целост е постигната.	внесуваат на почетокот на наредната година.

ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ			
Мерка/активност	**Образложение**	**Влијание**	**Препорака**

Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата: **Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа:**	**Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на животот на граѓаните.** - **ефективно, ефикасно и инклузивно креирање политики стручна, професионална и департизирана администрација и одговорно, отчетно и транспарентно работење на институциите;** - **дигитална трансформација при испораката на услугите за граѓаните и бизнисите, развивање механизми за воспоставување на модерни технологии 5G технологии и развој на NGA ифраструктура** - зголемување на институционалните капацитети преку имплементација на препораките од Функционалната анализа; - зајакнување на интерната и екстерната соработка и координација во функција на унапредување на квалитетот во работењето; - институционално зајакнување преку навремена подготовка и спроведување на Стратешкиот и Годишниот план за работа, Годишниот план за вработување, Годишниот план за обуки, Годишниот план за ИКТ, Годишниот план за финансиско управување и контрола, Годишната стратегија за управување со ризици, Годишниот план за евиденција и реализација на режиските трошоци, Годишната програма за јавни набавки, Годишната програма за внатрешна ревизија, оценување и известување за постигнатите резултати; - одржување на постоечката ИКТ инфраструктура и нејзина надградба преку обезбедување на интегрирани софтверски решенија во функција на дигитализација на работните процеси; - следење и контрола на квалитетно спроведување на ИСО стандардите.	
Назив на програмата/потпрограмата: **<u>ПРОГРАМА 3:</u> ИНСТИТУЦИОНАЛНО ЗАЈАКНУВАЊЕ** **ПОТПРОГРАМА 1: Зајакнување на административниот капацитет**	**Цел на програмата/потпрограмата:** **Подобрено управување, развој, следење и евалуација на човечките ресурси и менаџментот на сите нивоа на управување.**	**Одговорен:** Раководител на сектор за финансиски прашања

ПОТПРОГРАМА 2: Надградба на ИКТ системот **ПОТПРОГРАМА 3: Формално - правна консолидација и имплементација**	- Оптимизација на работните процеси и развој на човечките ресурси - Зголемена ефективност и ефикасност на работните процеси - Спроведување на законски и подзаконски акти	

СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

Мерка/активност	Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво	Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата	Коментар
Мерка: Годишен план за вработување (ГПВ) **Активност:** Изработка, усвојување и реализација	Годишен план за вработување за 2021. - Усвоен на Годишен план за вработување (ГПВ)	Изработен и усвоен ГПВ. Вработувања на неопределено време: - Во март 2 лица, - Во јули 1 лице - Во август 1 лице - Во ноември 4 лица Вработувања на определено време: - Во јануари 27 лица - Во ноември 1 лице Вработувања со договор на дело: - Во јануари 3 лица - Во јуни и јули 14 лица - Нема унапредување на вработени. Мерката/Активноста делумно ја постигна целта на Потпрограма 1.	Да се продолжи со трендот на вработување на неопределено време. Непостојаност на извршители поради вработување од времен карактер со ризик од променлив континуитет. Во ГПВ не е планирано унапредување на вработени со што се оневозможува напредок во кариерата и се намалува мотивираноста кај вработените.
Мерка: Годишен план за обуки (ГПО) **Активност:** Изработка, усвојување и реализација	Годишен план за обуки за 2021. - Усвоен на Годишен план за обуки (ГПО)	Изработен и усвоен ГПО. - Нема реализација на генерички обуки. - Нема реализација на специјализирани обуки. Има негативно влијание врз постигнувањето на целта на Потпрограма 1.	Намалена можност за стручно усовршување и надоградба за подигање на личниот капацитет на вработените за подобрување на перформансите.
Мерка: Годишен план за ИКТ **Активност:** Изработка и усвојување	Анализа на состојба на ИКТ опрема. - Усвоен Годишен план за ИКТ - Набавка на хардверска опрема	- Набавени 24 парчиња компјутерска опрема. - Не е реализирано апдтејтирање на постоечките софтверски решенија.	

	- Апдејтирање на постоечки софтверски решенија - Набавка на софтвер	- Не е реализирана набавка на софтвер. Мерката/Активноста делумно ја постигна целта на Потпрограма 1.	
Мерка: Годишен план за воспоставување финансиско управување и контрола **Активност:** Подготовка, усвојување и реализација	Законодавно правна рамка, Годишни извештаи - Усвоен Годишен план за воспоставување финансиско управување и контрола	Подготвен и усвоен Годишниот план за финансиско управување и контрола. Реализацијата е во согласност со екипираност на членовите согласно акцискиот план за спроведување.	Реализацијата е во согласност со екипираност на членовите согласно акцискиот план за спроведување и мжностите предизвикан од Ковид -19
Мерка: Годишна стратегија за управување со ризици **Активност:** Подготовка, усвојување и реализација	Законодавно правна рамка - Усвоена Годишна стратегија за управување со ризици	Подготвена и усвоена Стратегија за управување со ризици. Реализацијата е во согласност со екипираност на членовите согласно регистарот на ризици.	Реализацијата е во согласност со екипираност на членовите согласно акцискиот план за спроведување и мжностите предизвикан од Ковид -19
Мерка: Годишен план за евиденција и реализација на режиски трошоци **Активност:** Подготовка, усвојување и реализација	Законодавно правна рамка - Изработени квартални и месечни финансиски извештаи	Воспоставено софтверско решение за аналитичка сметководствена евиденција по организациони единици, извршители и надворешни чинители.	
Мерка: Годишна пресметка и исплата на плати **Активност:** Месечни пресметки и исплата на плати	Законодавно правна рамка - 12 пресметки и исплати на плати	Воспоставено софтверско решение за навремена пресметки и исплати на 12 плати и надоместоци.	
Мерка: Годишна програма за јавни набавки **Активност:** Подготовка, усвојување и реализација	Законодавно правна рамка - Донесена пороограма за јавни набавки и реализација	- Реализирани 11 постапки за јавна набавка.	
Мерка: Годишна програма за внатрешна ревизија **Активност:** Подготовка, усвојување и реализација	Законодавно правна рамка - реализација на програмата	Активноста не е извршена, нема вработено лице на работно место внатрешен ревизор.	Нема согласност за пополнување на работно место внатрешен ревизор на неопределено време.

ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ

Мерка/активност	**Образложение**	**Влијание**	**Препорака**
Мерка: Годишен план за обуки (ГПО) **Активност:** Изработка и усвојување	АПРЗ поднесе барање до МИОА за вклучување во системот за микроучење и системот за	Негативно влијае врз оптимизацијата на работните процеси и развојот на човечките ресурси, со недоволна ефективност и ефикасност на	Вклучување во системот на МИОА. Обезбдување на поголем буџет и оптимизација на распределбата на

	управување со учењето кај генеричките обуки. За специјализирани обуки нема финансиски средства во буџетот.	работните процеси и опасност од неможност за целосна реализација на планираните активности.	буџетските средства по буџетски линии.
Мерка: Годишен план за ИКТ **Активност:** Изработка и усвојување	Не е реализирана планираната набавака на софтверско решение	Недостаток на софтвер за следење и управување на советодавните услуги предизвикува проблеми во секојдневното работење, со што се намалува ефективноста и ефикасноста во целокупната работа на АПРЗ.	Да се продолжи со набавка на нова компјутерска опрема, како и да се реализира набавката на планираниот софтвер.
Мерка: Годишна програма за внатрешна ревизија **Активност:** Подготовка, усвојување и реализација	Нема вработено лице, бидејќи не е добиена согласност од МФ за пополнување на работно место внатрешен ревизор на неопределено време.	Има негативно влијание заради неисполнување на обврските кои произлегуваат од Законот за внатрешна ревизија.	Да се бара согласност за вработување во 2022 година.

2.2. Оценка на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата

Преглед на иницијативите во надлежност на АПРЗ кои биле доставени до Владата на РМ согласно Годишната програма за работа на Владата:

- Набавка на компјутерска опрема: Набавени 24 парчиња компјутерска опрема
- Реконструкција на 14 објекти: Реализирана реконструкција на 4 објекти
- Набавка на софтвер: Не се реализра од технички причини

2.3. Оценка на спроведувањето на други активности кои произлегуваат од надлежностите и работата на органот на државната управа

Преглед на подзаконската регулатива и други акти донесени од страна на директорот на АПРЗ, а кои се поврзани со законската регулатива утврдена од страна на Владата или со тековното работење на АПРЗ:

- Измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места.
- Извршена Измена и дополнување на Правилникот за начинот на користење и одржување на службените возила.
- Извршена Измена и дополнување на Одлуката за висината на надоместокот на трошокот за извршување на теренски и други активности.

Преглед на други спроведени мерки и активности кои произлегуваат од работата на АПРЗ:

- Спроведување на планот за јавни набавки: Спроведени 11 постапки за јавни набавки.
- Реализација на постапки за вработување согласно Годишниот план за вработување: Спроведени 4 постапки за вработување на 8 извршители на неопределено време, 2 постапки за вработување на 28 извршители на определено време и склучени договори на дело за ангажирање на 17 извршители.

3. ОКОЛНОСТИ И РИЗИЦИ

Осврт на околностите, застоите и ризиците кои се појавиле во периодот на известување:

- Недоволен број на вработени, особено советодавци во однос на бројот на корисници на советодавни услуги.
- Непостојаност на извршители поради вработување на советодавци од времен карактер и променлив континуитет.
- Поради пандемијата со COVID-19 теренските активности беа намалени, а трибините како групни настани не се одржаа.
- Застарен и несоодветен начин на прибирање податоци за евиденција на спроведени активности од обезбедени советодавни услуги, нивна анализа и евалуција за мерливост на степенот на реализација.
- Слаба посветеност на Координативната група за родова еднаквост.
- Недоволен број на советодавци што предизвикува проблем во зголемувањето на бројот и опфатот на фарми во спроведување на обврските кон МЗШВ за ФАДН.
- Одлив на вработени по основ на пензионирање и други околности и непополнување на истите.
- Непополнети работни места согласно систематизација.
- Неможност за стручно усовршување и надоградба за подигање на личниот капацитет на вработените за подобрување на перформансите поради отсуство на обуки.
- Неможност за унапредување на вработени за напредок во кариерата, што предизвикува демотивираност кај вработените со што се намалува ефикасноста и ефективноста во работењето, поради отсуство на конзистентна политика во планирањето на Годишниот план за вработување.
- Непополнето работно место внатрешен ревизор на неопределено време, што предизвикува ризик во неисполнување на обврските кои произлегуваат од Законот за внатрешна ревизија.
- Непополнето работно место Раководител на сектор за правни и општи работи што предизвикува голем ризик во спроведувањето на надлежностите од делокругот на работа на секторот.

- Непополнето работно место Раководител на одделение во шест одделенија за регион што предизвикува застој во координацијата и спроведувањето на работните задачи, особено во обезбедувањето на советодавните услуги.
- Непополнето работно место Раководител на сектор за земјоделство и рурален развој што предизвикува застој во работните процеси во надлежност на секторот, особено во раководењето, организирањето, насочувањето и координирањето на работата на секторот.
- Зголемен број на отсуства од работа поради заболување со COVID-19, како и користење на неплатен одмор кој не може да се предвиди при годишното планирање.

Овие околности и ризици кои се појавиле во текот на работењето влијаеле значително врз спроведувањето на мерките и активностите како и на постигнување на резултатите, а влијаеле и врз обемот, ефективноста, ефикасноста, како и квалитетот на реализацијата.

4. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Активностите на АПРЗ согласно Годишниот план на АПРЗ не се целосно реализирани во планираниот обем и рок и покрај ентузијазмот и посветеноста на одреден број вработени кои директорот ги овласти да вршат дополнителни работни задачи како „ВД“ раководители на испразнетите раководни позиции.

Ваквите отстапувањата настананале како резултат на испразнети работни места, намален број на човечки ресурси во одредени сегменти, континуираниот пад на мотивацијата кај вработените, немање современо дигитално решение за мониторинг и евалуација на процесите, потреба од обуки, хармонизација на интерните акти, конзистентни политики, како и потреба од материјални и финансиски средства во одредени сегменти, особено за оперативни трошоци за теренски активности.

Генерални препораки во однос на плановите за идната година:

- Подобрување во правилното евидентирање во Системот за евиденција и следење на активности, како преодно решение до обезбедување на соодветно софтверско решение.
- Дигитализација на процесите, односно набавка на интегриран софтвер за автоматизација на административните процеси и управување со човечките ресурси, за олеснување на процесот за подготвување, следење, оценување и известување на стратешките и годишните планови за работа.
- Вклучување во системот на МИОА за микроучење и системот за управување со учењето, со цел да се овозможат генеричките обуки.

- Да се обезбеди буџет за доследно спроведување на Годишниот план за обуки на вработените.
- Редовно и навремено пополнување на работните места испразнети по основ на одлив на вработени заради пензионирање или други околности.
- Соодветно ажурирање на Правилникот за систематизација за планирање на работни места според реални потреби за извршување на активностите.
- Ажурирање на годишниот план за вработување, за пополнување на клучни испразнети работни места согласно актот за систематизација, преку вработување, но и унапредување.
- Да се продолжи со набавка на хардверската опрема, со цел замена на старата и нефункционална, со што ќе се подобри ефективноста и ефикасноста на работните процеси.
- Да се продолжи со набавка на возила за реализација на теренски активности во исполнување на работните задачи.
- Да се продолжи со реновирање на објектите во сопственост на АПРЗ, што ќе влијае и врз намалување на трошоците за нивно функционирање.
- Континуирано подобрување на подготовка на Стратешкиот план, соодветно и Годишниот план за работа на АПРЗ согласно реалните состојби, расположивите капацитети и можностите.
- Реално поставување на целите и на показателите на успешност – планирани резултати, чии што индикатори треба да се остварливи и лесно мерливи.
- Планирање и реализација на активности по советодавец согласно мерките и активностите од Годишниот план за работа. Да се води грижа од страна на раководителите во доследно исполнување на поставените индикатори за секој советодавец.
- Поголема грижа и посветеност на раководителот на РО во делот на контрола, организација, координација, насочување и обезбедување поддршка на секој извршител во неговите секојдневни активности.
- Доследно почитување на процедурите за работа (постапки, прирачници, упатства).
- Подобрување во пристапот и организацијата на обезбедување на СУ со воведување на систематизиран пристап во однос на побарана и адекватно на тоа дадена услуга.
- Потреба од формално правно уредување и регулирање на улогата, правата и обврските на АПРЗ во учеството на реализација на дел од мерките за финансиска поддршка (ПФПЗРР и ИПАРД) прку официјални формални акти каде поблиску ќе бидат утврдени надлежностите на АПРЗ.
- Ревидирање и ажурирање на составот Координативните групи по специјалност и нивно ставање во проактивна функција, со цел креирање на СУ преку подготовка на специфични советодавни пакети.

Битола,
Февруари, 2022 год.

Директор/Drejtori,
Xhemil Qamili

_____